ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-55
21.12.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 7 од Законот за вршење на сметководствени работи и член 19 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ (ИСОС), Собранието на Институтот на седницата одржана на 21.07.2016 година во Скопје, утврди

# ТАРИФНИК
## за висината на членарината и надоместоци

## Извори на средства за финансирање

### Член 1

(1) Со овој Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, се уредуваат висината на членарината и надоместоците што ги наплаќа Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ од страна на своите членови и други правни и физички лица, а се поврзани со надлежностите на Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ согласно Законот за вршење на сметководствени работи.

(2) Извори на средства за финансирање на Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ се обезбедуваат од:

1) годишни членарини од сметководителите и овластените сметководители, односно членовите на Институтот,
2) надоместоци за издавање на лиценци за работа,
3) надоместоци за полагање испит за стекнување уверение за сметководител и овластен сметководител,
4) надоместоци за издавање уверенија за овластен сметководител без полагање испит,
5) надоместоци за полагање испит за признавање на професионална квалификација стекната во странство и
6) надоместоци од спроведување на континуираното професионално усовршување.

Останати приходи на Институтот се:
1)приходи од продажба на стручни публикации,
2) донации и
3)наплатени парични казни за изречени дисциплински мерки.

## Членарина

### Член 2

(1) Месечната членарина за сметководителите изнесува 120,00 денари додека за овластените сметководители изнесува 200,00 денари.
(2) Месечната членарина за трговци поединци-сметководители изнесува 300,00 денари месечно, додека за трговци поединци-овластени сметководители изнесува 500,00 денари месечно
(3) Месечната членарина за друштвата за вршење сметководствени работи изнесува во

зависност од бројот на вработени сметководители и овластени сметководители изнесува

1) До 2 сметководители – 800,00 денари месечно
2) 2-5 сметководители - 1.500,00 денари месечно
3) 5-10 сметководители -2.000,00 денари месечно
4) Над 10 сметководители -3.000,00 денари месечно

(4) Субјектите од став (1), (2) и (3) погоре се должни месечната членарина да ја уплатат најдоцна до 31 за тековниот месец.

(4) По исклучок на став 2 и 3 од овој член, при престанок на работа на трговци поединци-сметководители , трговци поединци-овластени сметководители и друштвата за вршење сметководствени работи, истите се должни да платат членарина во тековната година до моментот на престанокот на вршење на дејноста.

Надоместоци

**Член 3**

**Надоместок за испит за стекнување звање сметководител и овластен сметководител**

(1) Надоместокот за полагање на испитот за стекнување звање сметководител и овластен сметководител изнесува 6.200,00 денари за секој дел од испитот посебно. (2 дела)

(2) Висината на надоместокот за полагање на испит за признавање на професионална квалификација стекната во странство е во согласност со став 1 од овој член и изнесува 6.200,00 денари за секој дел од испитот посебно. (2 дела)

(3) Надоместокот за добивање на Извештајот за оценувањето и увид во испитната тетратка изнесува 3.000,00 денари за еден испит.

(4) Овие надоместоци се однесуваат на испитот што се спроведува согласно член 15 од Законот за вршење на сметководствени работи

**Надоместок за издавање на уверение за сметководител и овластен сметководител**

(1) Надоместокот за издавање на уверение изнесува

| | |
|---|---|
| За сметководител изнесува | 300,00 денари |
| За овластен сметководител | 500,00 денари |
| За трајно уверение | 1000,00 денари |
| За уверение за овластен сметководител без полагање | 1000,00 денари |

**Надоместок за издавање на лиценца**

(1) Надоместокот за издавање лиценца изнесува

| | |
|---|---|
| За трговецот поединец-сметководител | 2.000,00 денари |
| За трговецот поединец-овластен сметководител и | 3.000,00 денари |
| За друштвото за вршење сметководствени работи | 6.000,00 денари |

### Континуирано професионално усовршување

### Член 4

(1) Висината на надоместокот за присуство на предавањата за Континуирано професионално усовршување, организирани од страна на ИСОС, изнесува:

1.000,00 денари по лице на ден за предавање во времетраење од 4 часа.
2.000,00 денари по лице на ден за предавање во времетраење од 8 часа.

(2) Надоместокот за електронско следење на Континуирано професионално усовршување, за кое што се признаваат 8 часа Континуирано професионално усовршување изнесува 6.000,00 денари.

### Издавање на потврди

### Член 5

(1) ИСОС издава потврди, како што се Потврда за членство во ИСОС, Потврда за изречени дисциплински мерки и потврди за учество во комисија или орган на ИСОС, како и учество во други активности како назначено лице од страна на Институтот и други потврди по доставено барање.

(2) Висината на надоместокот за издавање на потврдите од став (1) погоре изнесува 500,00 денари за правни лица и 150,00 денари за физички лица.

(3) Барањата за доставување потврди ги доставуваат правните, односно физичките лица за кој истите треба да се издадат, со напомена за каква потврда се работи и за која цел се издава. Во случај на потврди за физички лица вработени кај правни, барањето може да го достави правното лице.

### Контрола на квалитет

### Член 6

(1) Висината на надоместокот што го плаќа субјект на спроведување на вонредна проверка на контрола на квалитет изнесува 1.850,00 денари по ефективен работен час по контролор на квалитет поминат на проверката на контрола на квалитет.

(2) Под вонредна проверка на контрола на квалитет се подразбира проверка која што не е предвидена во редовниот циклус за спроведување на проверки на контрола на квалитет.

### Обука

### Член 7

(1) Надоместокот за учество на обука за полагање на испитот за стекнување звање сметководител изнесува 3.000,00 денари за секој предмет посебно, за предавање во времетраење од 20 часа.

(2) Надоместокот од став (1) на овој член се однесува на испитот што се спроведува согласно

член 15 од Законот за вршење на сметководствени работи.

**Публикации**

**Член 8**

(1) Надоместокот за 7-те изданија публикувани на ЦД износува 3.200,00 денари по примерок.

(2) Надоместокот за материјал за подготовка на кандидатите за полагање на испитот за стекнување звање сметководител, изнесува 1.800,00 денари по примерок.

(3) Надоместокот за ЦД МСФИ 2009 година, на македонски јазик изнесува 5.900,00 денари по примерок.

**Датум на стапување во сила**

**Член 9**

1) Овој Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИСОС стапува во сила со денот на неговото донесување на седница на Собрание на ИСОС.

Претседавач
Драган Митковски